**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр 04-515/12
27.07. 2023 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија„ број 275/2019 и 14/2020), Секретарот на општина Неготино во постапка на унапредување на административен службеник преку интерен оглас , ја донесе следната

## О Д Л У К А
### За избор на административен службеник по пат на интерен оглас

**1.**По интерниот оглас бр.01/2023 објавен на ден 14.07.2023 година за унапредување на административен службеник во општинската администрација на општина Неготино во Одделение за јавни дејности , Сектор за правни и општи работи и јавни дејности со назив на работно место – Советник за евиденција и осигурување на општински имот и јавни набавки и шифра на работно место : УПР 01 01 В01 000 (1 извршител) , се избира административниот службеник **ДЕНИ ТРАЈКОВ.**

**2.**По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука, ќе се донесе соодветно решение за распоредување на административниот службеник.

**3.**Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација по барање на општина Неготино на својата интернет страница објави интерен оглас бр.01/2023 година на ден 14.07.2023 година за унапредување на административен службеник во општинската администрација на општина Неготино во Одделение за јавни дејности , во Сектор за правни и општи работи и јавни дејности со назив на работно место – Советник за евиденција и осигурување на општински имот и јавни набавки и шифра на работно место : УПР 01 01 В01 000. Комисијата за селекција на административен службеник на ден 25.07.2023 година во 11:30 часот спроведе административна селекција по интерен оглас, при што се утврди дека уредно доставени документи имаше единствениот кандидат Дени Трајков. Истиот ден во 11:45 часот се спроведе и интервју со единствениот кандидат , согласно Законот за административни службеници. По спроведеното интервју, Комисијата изготви ранг листа, врз основа на која Секретарот на општина Неготино изврши избор како во дипозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа одлука кандидатот има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација Скопје во рок од 8(осум) дена од објавување на одлуката на ВЕБ страницата на институцијата.**

**Секретар,**
**Марија Нацева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА НЕГОТИНО

Изработил:Елизабета Камчева
Одобрил:Ивица Златковиќ